Старателот на бездомните животни ја известува надлежната службата при ЕЛС за исчезнување или смрт на бездомно животно за кои се грижи , по што тој податок ќе се евидентира.

Согласно Програмата општината им овозможува бесплатна стерилизација, кастрација, вакцинација, чипирање и лекување на сите бездомни животни, вклучително и на животните кои ги носат луѓето кои се грижат за нив на улица - старатели на бездомни животни.

Старателот на бездомни животни е лице кое врши општествено корисна дејност и со своето волонтерско дејствување и помага на заедницата во која живее. **Старателот на бездомни животни во ниту еден случај не одговара материјално ни кривично за штета (по одредбите за објективна одговорност од ЗОО) што евентуално би ја направиле бездомните животни за кои се грижи.**

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

На територијата на општина Босилово во сите неселени места според надлежниот орган на општината се проценува дека има околу 15 бездомни кучиња.

Со оваа програма се предвидува заловување на сите бездомни кучиња.

Заловувањето и третирањето на бездомните кучиња ќе се врши во неколку организирани акции. Се предвидува сите кучиња да бидат заловени во 2 или 3 наврати односно акции.

Активностите ќе се одвиваат и по потреба во случај на пријава од граѓани за агресивни кучиња скитници.

Активностите за заловување ќе се спроведуваат во две нивоа на активности и тоа како дневни во кои ќе се извршуваат редовни увиди и контроли за евидентирање и пратење на опфатот на движење на кучиња скитници и ноќни активности кои ќе се спроведуваат во доцните ноќни часови односно пред се во раните утрински часови кога ќе се спроведува заловување на кучињата скитници.

Локации каде ќе се врши заловувањето на кучињата ќе бидат јавните улици и патишта на секое населено место во општина Босилово.

Во моментот во Општина Босилово нема стационар прифатилиште поради што потребните услуги за третирање на кучиња скитници ќе се спроведуваат во прифатилишта (одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство) на економскиот оператор, се до моментот на изградба на регионалното прифатилиште кое е објаснето подолу во точка 7.

## 6.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на оваа Програма ќе се реализира со средства предвидени во Буџетот на општина Босилово за 2019 година. Планирани средства во буџетот на општина Босилово за 2019 година за реализација на оваа програма изнесуват 100 000,00 денари.